РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1410-13006/1
15-09-2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“бр.173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 ), а согласно член 25 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), член 20 од Правилата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 0204-12219/1 од 24.08.2021 година и согласно член 8 од Политиката за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА НАЧИНОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ТАЈНИ КЛУЧЕВИ И СЕРТИФИКАТИ

## 1.Цел

Оваа процедура има за цел, врз основа на анализата на ризикот, а земајќи ги предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката на личните податоци, да се пропише начинот на кој ќе се врши криптирање на личните податоци.

Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошен текст: АКН) секогаш применува најсовремени технички решенија за криптирање со кои го обезбедува интегритетот, доверливоста и автентичноста на личните податоци.

## 2.Примена на алгоритми за криптирање на личните податоци

АКН пременува единствено признати и безбедни алгоритми за криптирање (како на пример: SHA-256, SHA-512 или SHA-341 како хаш функција, HMAC користејќи SHA-256, bcrypt, scryptили PBKDF2 зачување лозинки, AES или AES-CBC за симетрично криптирање, RSA-OAEP v2.1 за асиметрично криптирање...), воедно обезбедува заштита на тајните клучеви за

криптирање со ограничувачки права за пристап и посебно креирана безбедна лозинка за пристап.

### 3. Објава

Оваа Процедура влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на ВЕБ страницата на АКН .

ДИРЕКТОР

---

м-р Борис Тунцев